**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**MUNICIPALITY OF GEVGELIJA**
**СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ РАБОТИ**
**И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА**
Одделение за урбанизам, архитектура,
градежништво и заштита на животната средина
**Бр. 11-43/5**
**07.03.2023 год.**
**Гевгелија**

Градоначалникот на општина Гевгелија врз основа на член 44 став 7 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.32/20) ја издава следната

# П О Т В Р Д А
## за заверка на одобрена планска програма

Се одобрува Планска програма за изработка на Измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од Блок 10.2, општина Гевгелија со тех.бр.0801-920/22 од 24.01.2023год.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Барателот МАКПЕТРОЛ АД Скопје со седиште на ул.,,Свети Кирил и Методиј,, бр.4 во Скопје преку полномошник ДТУ ,,БИЛД УРБАН,, дооел од Скопје во електронскиот систем е-урбанизам (постапка бр.48774) поднесе барање за одобрување на Планска програма заведено под арх.бр.11-43/1 од 27.01.2023год., а изработена од ДТУ ,,БИЛД УРБАН,, дооел од Скопје, за Измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од Блок 10.2, општина Гевгелија.

Со барањето ја приложи следната документација:

1. Планска програма со технички број 0801-920/22 од 24.01.2023год. изработена од ДТУ ,,БИЛД УРБАН,, дооел од Скопје.

2. Графички приказ на Планска програма со граница на плански опфат.

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на општина Гевгелија со Решение број 11-94/1 од 07.02.2022година, по разгледувањето на приложената документација со барањето, констатира дека истото е основано и Планската програма може да се одобри. Истото го потврди со Предлог за одобрување број 11-43/4 од 06.03.2023година.

Градоначалникот на општина Гевгелија по извршениот увид на приложената документација со барањето и предлогот од Комисијата за урбанизам констатира дека се исполнети условите од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.32/20). Врз основа на тоа, се одобрува планската програма и на истата се врши заверка.

Градоначалник на
општина Гевгелија
***Андон Сарамандов***

Andon Saramandov
Digitally signed by Andon Saramandov
Date: 2023.03.09 08:24:18 +01'00'